ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1 Бр. 18/25-14*
*30.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. Број 08 – 4237/1 од 28 мај 2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.6), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

**по изготвена**

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ГУП и ДУП е ограничен со следниве улици:

– од север граничи со железничка пруга Велес-Кочани и граница на ДУП од ГУП на град Штип (по ГУП);

– од исток по граница на ДУП од ГУП на град Штип (по ГУП);

– од југоисток граничи со осовина на ул. "Гоце Делчев" (по ГУП);

– од југозапад граничи со осовина на ул. "Гоце Делчев" (по ГУП);

– од северозапад граничи со осовина на Новопроектирана градска магистрала 1 (по ГУП).

Површината на дадениот плански опфат изнесува 18,84 ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА по изготвена ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.






Јавниот повик за спроведување на СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА започнува на 1 јули 2025 год (вторник) и истиот ќе трае до 15 јули 2025 год (вторник).

СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН

ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведе со излагање на Нацрт плановите во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗМЕНА НА ГУП ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). ЈАВНАТА РАСПРАВА ќе се одржи на 15 август 2025 (вторник) во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип, додека СТРУЧНАТА РАСПРАВА ќе се одржи на 21 август (четврток) во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). ЈАВНАТА АНКЕТА ќе се одржи на ден 23 јули (среда) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*ОПШТИНА ШТИП*
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*